**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**=================================**
**Број 05 - 123/1**
**23/02/2026 година**
**Пласница**

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2025 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Пласница
Алија Јаоски

Изготвил:
Жана Димоска
Раководител на одделение за финансиски прашања

*Пласница, февруари 2026*

Содржина:

1.Вовед ______________________________________________________________3

2.Годишна сметка / наративен дел ____________________________________4

3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност ____________________________________________________________21

4.Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности __________________________23

5.Изјава од одговорниот сметководител________________________________25

## 1.Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители 4.222
Површина и населени места 54,44 км2

Општина Пласница во сегашните администратитвни граници е од 1996 година според новата територијална поделба на Република Македонија, со поделба на општина Македонски Брод, кога се формирани уште две нови општини: општина Самоков и општина Пласница.

Општина Пласница се наоѓа во средишниот дел на Западна Македонија и се протега на северните и североисточните падини на Бушева Планина и планината Сач. Општината се граничи на североисток со општина Македонски Брод, на југоисток со општината Крушево и селото Сопотница и на запад со општина Кичево.

Центар на општината е селото Пласница. Во состав на општината се четири населени места кои се сместени во горниот тек на реката Треска: Пласница, Преглово, Лисичани и Дворци.

**Буџет и Одлука за извршување на буџетот на општината**

Буџетот на општина Пласница е изготвен согласно законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на општините,односно согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Службен весник на РСМ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 37/25), Законот за буџетите (Службен весник на РМ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ број 151/21 и 03/25), макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и насоките за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2025 година од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Буџетот на општина Пласница за 2025 година и Одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2025 година се донесени на 34-та седница на Совет на општина Пласница одржана на ден 27.12.2024 година.

Буџет на општината е развоен и во рамките на иститот вклучен е трансфер на средства обезбеден по следните договори:

- Договор за доделување на средства за реализација на проектот „Доградба на фекална канализација во населено место Преглово – Општина Пласница – Книга 1” со Министерство за животна средина и просторно планирање број 03-111/4 од 05.04.2024 година;

- Договор за користење на финансиски средства за реализација на проектот „Изградба на пат од село Пласница до село Дворци и село Преглово ПР1 крак 1 Преглово – Општина Пласница” со Министерство за транспорт број 03-424/12 од 28.10.2024 година и

- Договор за користење на финансиски средства за реализација на проектот „Изградба на пристапни улици на дел од ПР5 и дел од ПР8 во н.м.Преглово – Општина Пласница” со Министерство за транспорт број 03-424/13 од 28.10.2024 година.

По Договорот за доделување на средства за реализација на проектот „ Доградба на фекална канализација во населено место Преглово – Општина Пласница – Книга 1“ број 03-111/4 од 05.04.2024 година со Министерство за животна средина и просторно планирање на износ од 5.000.000,00 денари, дел од средствата се реализирани во 2024 година, дел останати се за реализациаја во 2025 година.

Во Развојниот дел на Буџетот планирани се две развојни програми:

- ЈДА - Изградба на пат од село Пласница до село Дворци и село Преглово ПР1 крак1 Преглово - општина Пласница и

- ЈДБ - Изградба на пристапни улици на дел од ПР5 и дел од ПР8 во н.м.Преглово - општина Пласница,

за проектите со кои општина Пласница аплицираше на Јавниот повикот за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од потпрограмата АА – Инфраструктурни проекти во општините за 2024 година, објавен од Министерството за локална самоуправа.

За реализација на проектот „Изградба на пат од село Пласница до село Дворци и село Преглово ПР1 крак1 Преглово - општина Пласница” од страна на Владата на РСМ со Одлука за користење на средства за капитални дотации до едниците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година бр.41-9944/8 од 16.10.2024 година, одобрени се средства во висина од 9.896.533,00 денари.

За реализација на проектот „Изградба на пристапни улици на дел од ПР5 и дел од ПР8 во н.м.Преглово - општина Пласница” од страна на Владата на РСМ со Одлука за

користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година бр.41-9944/8 од 16.10.2024 година, одобрени се средства во висина од 1.528.199,00 денари.

Двете Развојните програми целосно се реализирани во 2025 година.Покрај обезбедените средства по основ на договорите во реализацијата општината учествуваше и со сопствени средства.

На 35–та седница одржана на 28.02.2025 усвоена е Измена на одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2025 година.

Во текот на 2025 година донесени се три Одлуки за изменување и дополнувања на буџетот на општина Пласница за 2025 година.

Првата Одлука донесена е на 39-та седница на Совет на општина Пласница одржана на ден 30.06.2025 година. Измената и дополнувањето произлезе од потребата за проширувањето на основниот буџет обезбедено од приходи остварени по основ на дел за воедначување од ДДВ, како и поради други усогласувања на приходниот со расходниот дел во основниот буџет.

Втората Одлука донесена е на 40-та седница на Совет на општина Пласница одржана на ден 31.07.2025 година и со неа се врши зголемување на вкупниот буџет, односно на основниот буџет. Проширувањето на основниот буџет се врши по основ на обезбедени трансфери за што општината има обезбедено потврда за трансфер на средства по следните договори:

- Договор за користење на финансиски средства за реализација на проектот ,,Изградба и реконструкција на ЛОТ(2), (СТ4, ПР6) во н.м.Лисичани, улица СТ4 – КП 0+120 до КП 0+580, улица ПР6 – КП 0+0.00 до 0+260 - Општина Пласница” со Министерство за транспорт број 03-414/1 од 15.07.2025 година;

- Договор за користење на финансиски средства за реализација на проектот ,,Локален пат с.Пласница до с.Дворци и с.Преглово дел од Крак 1 - Преглово Крак 1, Крак3 и Крак 4 Пласница - Општина Пласница” со Министерство за транспорт број 03-415/1 од 15.07.2025 година;

- Договор за користење на финансиски средства за реализација на проектот ,,Доградба на фекална канализација во н.м.Преглово Книга 1 - Канал 1 (км 0.00 – км 0+564,79)- Општина Пласница” со Министерство за животна средина и просторно планирање број 03-419/1 од 17.07.2025 година;

- Договор за користење на финансиски средства за реализација на проектот ,,Реконструкција на водоводна мрежа во с.Пласница - Крак 11- Општина Пласница” со Министерство за животна средина и просторно планирање број 03-420/1 од 17.07.2025 година.

Во Развојниот дел на Буџетот планирани се четири нови развојни програми:

- ЈДЦ - Изградба и реконструкција на ЛОТ(2), (СТ4, ПР6) во н.м.Лисичани, улица СТ4 – КП 0+120 до КП 0+580, улица ПР6 – КП 0+0.00 до 0+260 - Општина Пласница,

- ЈДД - Локален пат с.Пласница до с.Дворци и с.Преглово дел од Крак 1 - Преглово Крак 1, Крак 3 и Крак 4 Пласница - Општина Пласница,

- ЈГА - Реконструкција на водоводна мрежа во с.Пласница - Крак 11- Општина Пласница и

- ЈИА - Доградба на фекална канализација во н.м.Преглово Книга 1 - Канал 1 (км 0.00 – км 0+564,79) - Општина Пласница,

за проектите со кои општина Пласница аплицираше на Јавниот повикот за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од потпрограмата АА – Инфраструктурни проекти во општините за 2025 година, објавен од Министерството за локална самоуправа.

За реализација на проектот „ Изградба и реконструкција на ЛОТ(2), (СТ4, ПР6) во н.м.Лисичани, улица СТ4 – КП 0+120 до КП 0+580, улица ПР6 – КП 0+0.00 до 0+260 - Општина Пласница" од страна на Владата на РСМ со Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр.50-6260/12 од 01.07.2025 година, одобрени се средства во висина од 8.341.865,00 денари.

За реализација на проектот „ Локален пат с.Пласница до с.Дворци и с.Преглово дел од Крак 1 - Преглово Крак 1, Крак 3 и Крак 4 Пласница - Општина Пласница" од страна на Владата на РСМ со Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр.50-6260/12 од 01.07.2025 година, одобрени се средства во висина од 18.683.351,00 денари.

За реализација на проектот „ Реконструкција на водоводна мрежа во с.Пласница - Крак 11- Општина Пласница" од страна на Владата на РСМ со Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година бр.50-6237/16 од 01.07.2025 година, одобрени се средства во висина од 4.082.939,00 денари.

За реализација на проектот „ Доградба на фекална канализација во н.м.Преглово Книга 1 - Канал 1 (км 0.00 – км 0+564,79) - Општина Пласница" од страна на Владата на РСМ со Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година бр.50-6237/16 од 01.07.2025 година, одобрени се средства во висина од 3.945.000,00 денари.

До крајот на 2025 година Општина Пласница спроведе постапки за јавни набавки за четирите проекти. Потпиша  три договори со економски оператори, освен за проектот „Локален пат с.Пласница до с.Дворци и с.Преглово дел од Крак 1 - Преглово Крак 1, Крак 3 и Крак 4 Пласница - Општина Пласница" за кој донесе одлука за поништување и постапката ќе се повтори во 2026 година. Проектот „ Реконструкција на водоводна мрежа во с.Пласница - Крак 11- Општина Пласница" е целосно реализиран до крајот на 2025 година и поднесено е барање за исплата до Министерство за животна средина и просторно планирање.

Третата Одлука донесена е на 2-та седница на Совет на општина Пласница одржана на ден 14.11.2025 година и со неа се врши намалување на вкупниот буџет, односно на основниот буџет.

Во Третиот ребаланс на буџетот две од развојните програми кои беа планирани со Втор ребаланс на буџет се бришат од причина што до крајот на тековната 2025 година, со сигурност нема да се реализираат и истите ќе се планираат со Буџетот за 2026 година. Тоа се однесува на трансферите обезбедени по следните договори:

- Договор за користење на финансиски средства за реализација на проектот „Изградба и реконструкција на ЛОТ(2), (СТ4, ПР6) во н.м.Лисичани, улица СТ4 – КП 0+120 до КП 0+580, улица ПР6 – КП 0+0.00 до 0+260 - Општина Пласница" со Министерство за транспорт број 03-414/1 од 15.07.2025 година;

- Договор за користење на финансиски средства за реализација на проектот „Локален пат с.Пласница до с.Дворци и с.Преглово дел од Крак 1 - Преглово Крак 1, Крак3 и Крак 4 Пласница - Општина Пласница" со Министерство за транспорт број 03-415/1 од 15.07.2025 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА
### 2.1.Приходи на општината

Планирани извори на приходи од кои се финансираат расходите на Општина Пласница во Буџетот за 2025 година се од :

1. Даночни приходи
2. Неданочни приходи
3. Капитални приходи
4. Трансфери и донации

**Во Вкупен буџет**
**планирани и реализирани се следните приходи**

| ВКУПЕН БУЏЕТ | | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **90.898.627** | **75.311.733** |
| **71** | **Даночни приходи** | **9.000.000** | **7.707.188** |
| | 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 600.000 | 479.371 |
| | 713 Даноци на имот | 3.750.000 | 3.317.789 |
| | 717 Даноци на специфични услуги | 4.650.000 | 3.910.028 |
| **72** | **Неданочни приходи** | **621.840** | **314.577** |
| | 722 Глоби, судски и административни такси | 110.000 | 87.965 |
| | 723 Такси и надоместоци | 360.000 | 96.815 |
| | 725 Други неданочни приходи | 151.840 | 129.797 |
| **73** | **Капитални приходи** | **6.600.000** | **1.187.472** |
| | 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 6.600.000 | 1.187.472 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **74.676.787** | **66.102.496** |
| | 741 Трансфери од други нивоа на власт | 73.598.903 | 65.304.612 |
| | 742 Донации од странство | 1.077.884 | 797.884 |

**Вкупно планираните приходи во Буџетот (90.898.627) се реализирани во износ од 75.311.733 или 82,86%.**

**71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**, од планираните 9.000.000 денари, реализирани се приходи во износ од 7.707.188 денари или 85,64%

**711 Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки**, од планираните 600.000 денари, реализирани се приходи во износ од 479.371 денари или 79,90%

**713 Данок на имот**, од планираните 3.750.000 денари, реализирани се приходи во износ од 3.317.789 денари или 88,48%

**717 Данок на специфични услуги**, од планираните 4.650.000 денари, реализирани се приходи во износ од 3.910.028 денари или 84,09 %

**72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**, од планираните 621.840 денари, реализирани се приходи во износ од 314.577 денари или 50,59%

**722 Глоби,судски и административни такси**, од планираните 110.000 денари, реализирани се приходи во износ од 87.965 денари или 79,97%

**723 Такси и надоместоци**, од планираните 360.000 денари, реализирани се приходи во износ од 96.815 денари или 26,90%

**725 Други неданочни приходи**, од планираните 151.840 денари, реализирани се приходи во износ од 129.797 денари или 85,49%

**73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**, од планираните 6.600.000 денари, реализирани се приходи во износ од 1.187.472 денари или 18,00%

**733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања**, од планираните 6.600.000 денари, реализирани се приходи во износ од 1.187.472 денари или 18,00%

**74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**, од планираните 74.676.787 денари, реализирани се приходи во износ од 66.102.496 денари или 88,52%

**741 Трансфери од други нивоа на власт**, од планираните 73.598.903 денари, реализирани се приходи во износ од 65.304.612 денари или 88,73%

**742 Донации од странство,** од планираните 1.077.884 денари, реализирани се приходи во износ од 797.884 денари или 74,03%

**На сметката Основен буџет**
**планирани и реализирани се следните приходи**

| | **ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **86.111.840** | **71.083.047** |
| **71** | **Даночни приходи** | **9.000.000** | **7.707.188** |
| | 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 600.000 | 479.371 |
| | 713 Даноци на имот | 3.750.000 | 3.317.789 |
| | 717 Даноци на специфични услуги | 4.650.000 | 3.910.028 |
| **72** | **Неданочни приходи** | **261.840** | **217.762** |
| | 722 Глоби, судски и административни такси | 110.000 | 87.965 |
| | 725 Други неданочни приходи | 151.840 | 129.797 |
| **73** | **Капитални приходи** | **6.600.000** | **1.187.472** |
| | 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 6.600.000 | 1.187.472 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **70.250.000** | **61.970.625** |
| | 741 Трансфери од други нивоа на власт | 70.250.000 | 61.970.625 |

**Вкупно планираните приходи на сметката Основен буџет (86.111.840) се реализирани во износ од 71.083.047 или 82,55%.**

**71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**, од планираните 9.000.000 денари, реализирани се приходи во износ од 7.707.188 денари или 85,64%

**711 Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки**, од планираните 600.000 денари, реализирани се приходи во износ од 479.371 денари или 79,90%

**713 Данок на имот**, од планираните 3.750.000 денари, реализирани се приходи во износ од 3.317.789 денари или 88,48%

**717 Данок на специфични услуги**, од планираните 4.650.000 денари, реализирани се приходи во износ од 3.910.028 денари или 84,09 %

**72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**, од планираните 261.840 денари, реализирани се приходи во износ од 217.762 денари или 83,17%

**722 Глоби,судски и административни такси**, од планираните 110.000 денари, реализирани се приходи во износ од 87.965 денари или 79,97%

**725 Други неданочни приходи**, од планираните 151.840 денари, реализирани се приходи во износ од 129.797 денари или 85,49%

**73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**, од планираните 6.600.000 денари, реализирани се приходи во износ од 1.187.472 денари или 18,00%

**733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања**, од планираните 6.600.000 денари, реализирани се приходи во износ од 1.187.472 денари или 18,00%

**74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**, од планираните 70.250.000 денари, реализирани се приходи во износ од 61.970.625 денари или 88,22%

**741 Трансфери од други нивоа на власт**, од планираните 70.250.000 денари, реализирани се приходи во износ од 61.970.625 денари или 88,22%

**Од вкупно реализираните приходи во износ од 71.083.047 денари, 56.605.262 денари се реализирани во 2025 година, додека 14.477.785 денари се пренесен вишок на приходи од претходна година со кои е финансиран вишокот на расходи над приходи (дефицитот) на сметката Основен буџет.**

**На сметката Самофинансирачки активности**
**планирани и реализирани се следните приходи**

| | БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **360.000** | **106.778** |
| **72** | **Неданочни приходи** | **360.000** | **96.815** |
| | 723 Такси и надоместоци | 360.000 | 96.815 |
| **74** | **Трансфери и донации** | 0 | 9.963 |
| | 741 Трансфери од други нивоа на власт | 0 | 9.963 |

Приходите кои се планирани на сметката на Самофинансирачки активности се средства кои ги остваруваат и со кои располагаат основните општински училишта.

**Вкупно планираните приходи на сметката Самофинансирачки активности (360.000) се реализирани во износ од 106.778 денари или 29,66%.**

**Од вкупно реализираните приходи во износ од 106.778 денари, 96.815 денари се реализирани од такси и надоместоци, додека 9.963 денари се пренесен вишок на приходи од претходна година со кои е финансиран вишокот на расходи над приходи (дефицитот) на сметката Самофинансирачки активности.**

Остварувањето на приходите поодделно кај основните општински училишта, Советот на Општина Пласница ќе може да го констатира преку разгледување на завршните сметки на основните општински училишта.

**На сметката на дотации**
**планирани и реализирани се следните приходи**

| БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **3.348.903** | **3.324.024** |
| **74 Трансфери и донации** | **3.348.903** | **3.324.024** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 3.348.903 | 3.324.024 |

Приходите кои се планирани на сметката Буџет на дотации се средства кои ги остваруваат и со кои располагаат основните општински училишта по основ на наменска дотација за активности од образованието од Буџетот на РСМ преку Министерство за образование за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Вкупно планираните приходи на сметката Буџет на дотации (3.348.903) се реализирани во износ од 3.324.024 денари или 99,26%.**

**Од вкупно реализираните приходи во износ од 3.324.024 денари, 3.300.000 денари се реализирани од** наменска дотација за активности од образованието за 2025 година**, додека 24.024 денари се пренесен вишок на приходи од претходна година со кои е финансиран вишокот на расходи над приходи (дефицитот) на сметката на дотации.**

Исто и кај оваа сметка остварувањето на приходите поодделно кај основните општински училишта, Советот на Општина Пласница ќе може да го констатира преку разгледување на завршните сметки на основните општински училишта.

**На сметката на донации**
**планирани и реализирани се следните приходи**

| БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1.077.884** | **797.884** |
| **74 Трансфери и донации** | **1.077.884** | **797.884** |
| 742 Донации од странство | 1.077.884 | 797.884 |

Приходите кои се планирани на сметката на Буџет на донации се средства кои ги остварува и со кои располага основното општинско училиште „Јунус Емре" с.Лисичани.

**Вкупно планираните приходи на сметката на Буџет на донации (1.077.884) се реализирани во износ од 797.884 денари или 74,03%.**

**2.2.Расходи на општината**

Планираните расходи во Буџетот на општината за 2025 година не смеат да ги надминат планираните приходи и приливи за фискалната година, односно обезбедените средства од сопствените приходи и други приливи со кои се финансираат повисоките расходи (домашно задолжување и задолжување во странство). Со Буџетот на општината за 2025 година расходите се планираат по програми и потпрограми, односно корисници. Ова на соодветен начин ги прикажува расходите според функциите на општината. Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Пласница опфатени се 20 потпрограми.

**Во Вкупен буџет**
**планирани и реализирани се следните расходи**

| | ВКУПЕН БУЏЕТ | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **90.898.627** | **75.311.733** |
| **40** | **Плати и надоместоци** | **18.101.000** | **17.800.456** |
| | 401 Основни плати | 11.196.000 | 11.028.493 |
| | 402 Придонес за социјално осигурување | 4.280.000 | 4.176.644 |
| | 404 Надоместоци | 2.625.000 | 2.595.319 |
| **41** | **Резерви и недефинирани расходи** | **250.000** | **0** |
| | 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 200.000 | 0 |
| | 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 50.000 | 0 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **13.487.787** | **10.522.216** |
| | 420 Патни и дневни расходи | 812.884 | 757.814 |
| | 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 5.323.000 | 4.951.792 |
| | 423 Материјали и ситен инвентар | 733.000 | 367.267 |
| | 424 Поправки и тековно оддржување | 2.380.000 | 1.295.101 |
| | 425 Договорни услуги | 2.545.532 | 1.957.098 |
| | 426 Други тековни расходи | 1.693.371 | 1.193.143 |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **2.550.000** | **1.621.444** |
| | 463 Трансфери до невладини организации | 150.000 | 60.000 |
| | 464 Разни трансфери | 2.400.000 | 1.561.444 |
| **47** | **Социјални бенефиции** | **1.060.000** | **880.000** |
| | 471 Социјални надоместоци | 1.060.000 | 880.000 |
| **48** | **Капитални расходи** | **55.449.840** | **44.487.617** |
| | 480 Купување на опрема и машини | 140.000 | 34.081 |

| | | |
|---|---|---|
| 482 Други градежни објекти | 55.094.840 | 44.275.536 |
| 483 Купување на мебел | 65.000 | 34.000 |
| 486 Купување на возила | 150.000 | 144.000 |

**Вкупно планираните расходи во Буџет (90.898.627) се реализирани во износ од 75.311.733 денари или 82,86%.**

***Вкупните тековни оперативни расходи во Буџет (35.448.787) се реализирани во износ од 30.824.116 денари или 86,96 %.***

**40 Плати и надоместоци**, од планираните 18.101.000 денари, реализирани се расходи во износ од 17.800.456 денари или 98,34%

401 Основни плати, од планираните 11.196.000 денари, реализирани се расходи во износ од 11.028.493 денари или 98,51%

402 Придонеси за социјално осигурување, од планираните 4.280.000 денари, реализирани се расходи во износ од 4.176.644 денари или 97,59%

404 Надоместоци, од планираните 2.625.000 денари, реализирани се расходи во износ од 2.595.319 денари или 98,87%

Расходите на категорија 40 Плати и надоместоци се однесуваат на плати, придонеси на плати за вработени како и други надоместоци за советници за одржани седници на Совет на Општина Пласница.

**41 Резерви и недефинирани расходи**, од планираните 250.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

**42 Стоки и услуги**, од планираните 13.487.787 денари, реализирани се расходи во износ од 10.522.216 денари или 78,02%

420 Патни и дневни расходи, од планираните 812.844 денари, реализирани се расходи во износ од 757.814 денари или 93,23%.

421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, од планираните 5.323.000 денари, реализирани се расходи во износ од 4.951.792 денари или 93,03%

423 Материјали и ситен инвентар, од планираните 733.000 денари, реализирани се расходи во износ од 367.267 денари или 50,1%

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 2.380.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.295.102 денари или 54,42%

425 Договорни услуги, од планираните 2.545.532 денари, реализирани се расходи во износ од 1.957.098 денари или 76,89%

426 Други тековни расходи, од планираните 1.693.371 денари, реализирани се расходи во износ од 1.193.143 денари или 70,46%

**46 Субвенции и трансфери**, од планираните 2.550.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.621.444 денари или 63,59%

463 Трансфери до невладини организации од планираните 150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 60.000 денари или 40,00%

464 Разни трансфери, од планираните 2.400.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.561.444 денари или 65,06%

Ставката 464 Разни трансфери ги опфаќа плаќањата по судски решенија и трансфери по основ на решенија.

**47 Социјални бенефиции,** од планираните 1.060.000 денари, реализирани се расходи во износ од 880.000 денари или 83,02%

471 Социјални надоместоци, од планираните 1.060.000 денари, реализирани се расходи во износ од 880.000 денари или 83,02%

***Вкупните капитални расходи во Буџет (55.449.840) се реализирани во износ од 44.487.617 денари или 80,23%.***

**48 Капитални расходи**, од планираните 55.449.840 денари, реализирани се расходи во износ од 44.487.617 денари или 80,23%

480 Купување на опрема и машини, од планираните 140.000 денари, реализирани се расходи во износ од 34.081 денари или 24,35%

482 Други градежни објекти, од планираните 55.094.840 денари, реализирани се расходи во износ од 44.275.536 денари или 80,37%

483 Купување на мебел, од планираните 65.000 денари, реализирани се расходи во износ од 34.000 денари или 52,31%

486 Купување на возила, од планираните 150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 144.000 денари или 96,00%

**На сметката Основен буџет**
**планирани и реализирани се следните расходи**

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **86.111.840** | **71.083.047** |
| **40** | **Плати и надоместоци** | **18.101.000** | **17.800.456** |
| | 401 Основни плати | 11.196.000 | 11.028.493 |
| | 402 Придонес за социјално осигурување | 4.280.000 | 4.176.644 |
| | 404 Надоместоци | 2.625.000 | 2.595.319 |
| **41** | **Резерви и недефинирани расходи** | **250.000** | **0** |
| | 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 200.000 | 0 |
| | 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 50.000 | 0 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **8.776.000** | **6.327.530** |
| | 420 Патни и дневни расходи | 40.000 | 5.470 |
| | 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.260.000 | 2.914.517 |
| | 423 Материјали и ситен инвентар | 240.000 | 165.423 |
| | 424 Поправки и тековно одржување | 2.235.000 | 1.200.909 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 425 Договорни услуги | 1.616.000 | 1.090.678 |
| | 426 Други тековни расходи | 1.375.000 | 950.533 |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **2.550.000** | **1.621.444** |
| | 463 Трансфери до спортски клубови | 150.000 | 60.000 |
| | 464 Разни трансфери | 2.400.000 | 1.561.444 |
| **47** | **Социјални бенесфиции** | **1.060.000** | **880.000** |
| | 471 Социјални надоместоци | 1.060.000 | 880.000 |
| **48** | **Капитални расходи** | **55.384.840** | **44.453.617** |
| | 480 Купување на опрема и машини | 140.000 | 34.081 |
| | 482 Други градежни објекти | 55.094.840 | 44.275.536 |
| | 486 Купување на возила | 150.000 | 144.000 |

**Вкупно планираните расходи на сметката Основен буџет (86.111.840) се реализирани во износ од 71.083.047 денари или 82,55%.**

***Вкупните тековни оперативни расходи на сметката Основен буџет (30.727.000) се реализирани во износ од 26.629.430 денари или 86,67 %.***

**40 Плати и надоместоци**, од планираните 18.101.000 денари, реализирани се расходи во износ од 17.800.456 денари или 98,34%

401 Основни плати, од планираните 11.196.000 денари, реализирани се расходи во износ од 11.028.493 денари или 98,51%

402 Придонеси за социјално осигурување, од планираните 4.280.000 денари, реализирани се расходи во износ од 4.176.644 денари или 97,59%

404 Надоместоци, од планираните 2.625.000 денари, реализирани се расходи во износ од 2.595.319 денари или 98,87%

Расходите на категорија 40 Плати и надоместоци се однесуваат на плати, придонеси на плати за вработени како и други надоместоци за советници за одржани седници на Совет на Општина Пласница.

**41 Резерви и недефинирани расходи**, од планираните 250.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

**42 Стоки и услуги**, од планираните 8.766.000 денари, реализирани се расходи во износ од 6.327.530 денари или 72,19%

420 Патни и дневни расходи, од планираните 40.000 денари, реализирани се расходи во износ од 5.470 денари или 13,68%.

Ставката 420 се однесува на патувањата во земјата на вработените во општинската администрација.

421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, од планираните 3.260.000 денари, реализирани се расходи во износ од 2.914.517 денари или 89,41%

Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината и уличното осветлување, течни горива за

општината, пошта, телефон и телефакс за општината, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила.

423 Материјали и ситен инвентар, од планираните 240.000 денари, реализирани се расходи во износ од 165.423 денари или 68,93%

Ставката 423 Материјали и ситен инвентар ги опфаќа трошоците за канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија, материјали за АОП, прехранбени продукти и пијалаци, училишни материјали, средства за одржување на хигиена, материјали за разни поправки, ситен инвентар и други материјали.

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 2.235.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.200.909 денари или 53,74%

Ставката 424 Поправки и тековно одржување ги опфаќа поправките и сервисирањата на лесните возила, поправки на други возила, одржувањето на зградата, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, одржување на улици и патишта, поправка и одржување на уличното осветлување, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поправка и одржување на друга опрема.

425 Договорни услуги, од планираните 1.616.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.090.678 денари или 67,50%

Ставката 425 Договорни услуги ги опфаќа: банкарската провизија, осигурувања на недвижности и права, осигурувањата на моторните возила, судски вештачења, плаќање на судски такси, примарна здравствена  заштита, ветеринарни услуги, услуги за копирање, печатење и издавање, консултантски услуги и други договорни услуги.

426 Други тековни расходи, од планираните 1.375.000 денари, реализирани се расходи во износ од 950.533 денари или 69,13%

Ставка 426 Други тековни расходи ги опфаќа: членарините во домашни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други опративни расходи (плаќања кон Централен регистар за поднесување на завршни сметки, тековна состојба и пријава за упис на промена кај субјект во трговскиот регистар, плаќања за приклучок на пречистителна станица Пласница на дистрибутивната мрежа за електрична енергија, плаќање на камата за придонеси за задолжително социјално осигурување, пристап до електронска база на податоци „дејуре.мк”, изработка на геодетски елаборати, продолжување на регистација на домен за веб страна на општината и сл.).

**46 Субвенции и трансфери**, од планираните 2.550.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.621.444 денари или 63,59%

463 Трансфери до невладини организации, од планираните 150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 60.000 денари или 40,00%

464 Разни трансфери, од планираните 2.400.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.561.444 денари или 65,06%

Ставката 464 Разни трансфери опфаќа: плаќањата по судски решенија и трансфери по основ на решенија (за исплата на опремнина поради смрт, исплата за претрпена материјална и нематеријана штета по основ на постигната спогодба за каснување од улично куче и исплата на Изборни органи за спроведување на Локалните избори 2025 година).

**47 Социјални бенефиции,** од планираните 1.060.000 денари, реализирани се расходи во износ од 880.000 денари или 83,02%

471 Социјални надоместоци, од планираните 1.060.000 денари, реализирани се расходи во износ од 880.000 денари или 83,02%

***Вкупните капитални расходи на сметката Основен буџет (55.384.840) се реализирани во износ од 44.453.617 денари или 80,27%.***

**48 Капитални расходи**, од планираните 55.384.840 денари, реализирани се расходи во износ од 44.453.617 денари или 80,27%

